# Сингапур, Бали и Куала Лумпур од Скопје

## 23. април 2027. - 5. мај 2027.
## 13 дена - 10 ноќи

> Патување во три прекрасни Азиски земји - модерната утопија Сингапур (Singapore) и плажите на магичниот Бали (Bali), до специфичната Малезија (Malaysia) односно нејзиниот главен град Куала Лумпур (Kuala Lumpur). Необично патување кое е комбинација на модерните архитектонски достигнувања на Сингапур (Singapore) и Малезија (Malaysia), а потоа магични денови на егзотичниот остров -- Бали (Bali). Денови исполнети со плажи, бранови, сурфање, морски специјалитети, традиционални храмови, живописни џунгли, лулашки, chill и одмор...

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанокот на патниците е на Меѓународниот Аеродром во Скопје два часа пред летот. Лет од Скопје со Turkish Airlines, со преседнување во Истанбул. Авантурата може да започне!

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување во Куала Лумпур**

Пристигнуваме во Куала Лумпур. Трансфер до сместувањето и слободно време за истражување на градот. Куала Лумпур е град кој во претходната деценија прераснал од мал и неразвиен јужноазиски град во џунгла до метропола од незамисливи размери. Град во кој подеднакво се мешаат културите, религиите и влијанието на Кинезите, Хиндусите и Малезијците. Нашата авантура во Куала Лумпур ја започнуваме со прошетка по познатиот дистрикт Bukit Bintang. Го посетуваме познатиот ноќен пазар Jalan Alor - најпознатата кулинарска дестинација во Куала Лумпур. Некои од најдобрите кулинарски задоволства во Малезија не се наоѓаат во прескапите ресторани, туку токму на тротоарите и тезгите на овој пазар. Пробуваме Индиска, Тајландска, Малезиска или Кинеска традиционална храна.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Куала Лумпур (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
STEG Kuala Lumpur **(1 ноќ)**

**Место**
Истанбул, Куала Лумпур

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 3: Факултативен излет - Куала Лумпур City Tour**

Авантурата започнува со посета на **Batu Caves**, едно од најпознатите хинду светилишта во Малезија, каде пред влезот во пештерите се издигнува 42,7-метарската бронзена статуа на **Lord Murugan**. Потоа продолжуваме кон центарот на Куала Лумпур, со панорамско возење покрај железничката административна зграда и **Chinatown**. Ќе го посетиме **Independence Square (Merdeka Square)**, познат по своето огромно знаме и значењето за историјата на независна Малезија, како и **Sultan's Palace**, поранешното седиште на британската колонијална администрација. Турата завршува со фото-стоп кај величествените **Petronas Twin Towers**, прочуените кули-близнаци и еден од најпрепознатливите симболи на Куала Лумпур.

**Сместување**
STEG Kuala Lumpur **(1 ноќ)**

**Место**
Куала Лумпур

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Куала Лумпур City Tour

**Ден 4: Трансфер до Бали и слободно време!**

По појадок правиме check-out од нашиот хотел во Куала Лумпур. Трансфер до аеродромот во Куала Лумпур и локален лет до Бали (Denpassar). Трансфер од аеродром до нашиот хотел во Убуд. Добредојдовте во градот на уметноста и на неверојатни галерии, пазари, луѓе и на енергија. Имаме слободно време да го истражиме овој магичен град. Пробуваме Sate и ја порачуваме нашата омилена пијачка во некој од локалните ресторани! *Ноќевање*

**Превоз**
Локален лет Куала Лумпур - Денпасар (Бали) во економска класа со вклучен 20kg чекиран и 7kg рачен багаж.
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Sthala, Ubud, Bali **(1 ноќ)**

**Место**
Куала Лумпур, Бали

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 5: Факултативен излет - Храмот Goa Gajah, Канто Лампо Водопадите и Cretya Ubud!**

Се разбудивте во Убуд - уметничка колонија и преубаво место кое изобилува со уметнички дела од културата на Бали. Некогаш спокојна хипи дестинација за вљубениците во јога, здрава храна и свеж воздух, книгата на Елизабет Гилберт „Јади, моли се, уживај” ја става на туристичкиот радар, а по истоимениот филм прерасна во една од најпопуларните дестинации на Бали. Недалеку од центарот на Убуд се наоѓа голем природен резерват во кој живеат долгоопашести мајмунчиња Макаки. Оваа неверојатно голема шума која е целата обрасната во мов, крие остатоци на стари храмови, а во неа живеат преку 600 мајмуни. Се дружиме со разиграните весели макаки мајмунчиња во нивното природно опкружување во големата шума. Нашата авантура ја продолжуваме во Elephant Cave (Goa Gajah) храмот чиј влез е во облик на глава од слон, од каде што потекнува и неговото име. Се претпоставува дека влезот на храмот го симболизира влезот во подземниот свет. Почетоците на храмот датираат од XI век, а посветен е на божицата која се смета за заштитничка на децата, раѓањето и за исцелителка на жените. Се верува дека овој храм е ископан од хинду монсаи само со нивните раце, а неговите мистерии до ден денес ги фасцинираат историчарите. Сега сме веќе спремни да нурнеме во водопадот Канто Лампо, оаза на спокојство сместена среде бујните пејзажи на Бали. Време е да се предадеме на симфонијата на каскадните води додека сме на ова патување на истражување и подмладување. Овие тивки базени опкружени со високи карпи кои се обвиткани со смарагдно зеленило ќе ги паметите уште долго.Ииии.... дали сте спремни за едно од најубавите искуства на Бали? Продолжуваме во најпознатиот денски клуб на #целсвет -- Cretya Ubud!! Буквално во Cretya има сè што ќе помислите за едно совршено искуство на Бали. Уживаме во неверојатниот поглед над зелените оризови полиња, а потоа и се шетаме низ нив. Го порачуваме нашиот омилен коктел (ние препорачуваме Arrack Attack) и пливаме во еден од трите базени на спрат!! А се разбира секое искуство на Бали не би било комплетно доколку не посетиме Bali Swing, а во Cretya има 4 - Angel Swing, Swing Bed, Extreme Swing и Super-extreme Swing. Можеби сте фан на малку по-адреналински активности, за сите вас во Cretya има и 3 различни zip-lines. **Еден совршен ден на Бали!!!!**

**Сместување**
Sthala, Ubud, Bali **(1 ноќ)**

**Место**
Убуд

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Храмот Goa Gajah, Канто Лампо Водопадите и Cretya Убуд!

**Ден 6: Факултативен излет – храмот Besakih, палатата Tirta Gangga и Virgin Beach**

Храмот Besakih е дел од големиот комплекс составен од 22 хиндуистички храмови. Комплексот се наоѓа на падините на планината Агунг, се простира на три квадратни километри, а според локалните верувања овде почиваат предците на денешните жители на Бали. Храмот Besakih го нарекуваат и „мајка на сите храмови”, се наоѓа под заштита на UNESCO и претставува најсвето место за хиндусите кои живеат на Бали. Ја посетуваме прочуената палата Тирта Ганга чие име во превод значи „Светата вода од Ганг” , а која претставува најдобар пример на вистинска кралска водена палата. Самиот комплекс се состои од свети извори, базени со студена вода и од неколку мали езерца, а во центарот на самата палата се наоѓа импозантна фонтана на 11 катови. Уживаме во вистинска балинезиска култура. За крај на излетот одиме на плажа – популарната Virgin Beach, каде што ќе лежиме на песокот и ќе се одмараме после целодневното истражување.

**Сместување**
Sthala, Ubud, Bali **(1 ноќ)**

**Место**
Убуд

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Храмот Бесаки, Тиртаганга и Virgin beach

**Ден 7: Факултативен излет - Селото Батуан, River Rafting, Monkey Forest и Паркот на птиците.**

Правиме check-out од нашето сместување во Убуд. Спремни за авантура?! Нашиот целодневен излет го започнуваме во едно од најуникатните места на Бали -- голем природен резерват во кој живеат долгоопашести мајмунчиња Макаки. Оваа неверојатно голема шума која е целата обрасната во мов, крие остатоци на стари храмови, а во неа живеат преку 600 мајмуни. Се дружиме со разиграните весели макаки мајмунчиња во нивното природно опкружување во големата шума. Продолжуваме кон познатиот Парк на птиците, вторите најпопуларни домородци на Бали. Се дружиме со голем број на шарени и необични видови на птици од целиот свет кои живеат овде. Се разбира ни една Jungle аванура не би била целосна без посета на традиционално село -- селото Батуан. Ја истражуваме бамбусовата шума што го опколува ова село, посетуваме традиционални храмови и учиме за локалната култура. Нашиот ден го завршуваме со еден од најавантуристичките излети на Бали -- се симнуваме по 300 скалила сé до реката, а потоа се спуштаме со чамци по брзаците и уживаме во неверојатната природа и во зеленилото. По нашиот излет продолжуваме кон Легијан, правиме check-in во хотел и имаме слободна вечер да излеземе на некоја пијачка во некои од локалните барови!

**Сместување**
Fairfield by Marriott Bali Legian **(1 ноќ)**

**Место**
Легијан

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Балинезиско село, Monkey Forest, Bird Park и River rafting

### Ден 8: Факултативен излет во храмот Tanah Lot и Finns Beach Club

Уште еден ден во кој го запознаваме Бали! Храмот Tanah Lot е најпрепозатливата атракција и симболот на Бали. Изграден е на карпа во морето, на само 100 метри од брегот, а потекнува од XVI век. Слушаме интересни приказни и уживаме во неверојатната глетка. Патот понатаму не води кон оризовите полиња каде се опуштаме гледајќи во неверојатните пејсажи и во бескрајното зеленило на терасите со ориз. Одиме кон внатрешноста на островот, каде на висина од 1000 метри се наоѓа храмот Ulun Danu Bratan. Преубавиот храм се наоѓа покрај брегот на езерото за чија вода локалците веруваат дека е света, а неговата слика стои и на националната валута. Потоа продолжуваме во еден од најпознатите beach барови на #целсвет -- Finns. Го порачуваме нашиот омилен коктел и уживаме на плажа во егзотиката на Бали!!

**Сместување**
Fairfield by Marriott Bali Legian **(1 ноќ)**

**Место**
Легијан

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Храмот Tanah Lot, градина со зачини и Finns Beach Club

### Ден 9: Факултативен излет -- Luna Beach Club

По појадокот, овој ден го посветуваме за целосно уживање и chill атмосфера! По динамичните денови исполнети со авантури, време е да се опуштиме и да уживаме во убавините на Бали на најдобар можен начин. Го посетуваме неверојатниот **Luna Beach Club**, лоциран на самата плажа **Nyanyi Beach.** Ова е место каде што тропската магија, луксузот и добрата енергија се среќаваат. Денот го поминуваме уживајќи покрај инфинити базен, со некој тропски коктел во рака, добра музика и фантастичен поглед кон океанот. Се сончаме, се капеме, се смееме и правиме фотографии што ќе ги паметиме долго. **Luna** е совршено место за Instagram моменти, добро друштво и вистински бали-вибрации. По незаборавниот ден, се враќаме во нашето сместување во попладневните часови. **Ноќевање.Ноќевање.**

**Сместување**
Fairfield by Marriott Bali Legian **(1 ноќ)**

**Место**
Легијан

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Luna Beach Club

### Ден 10: Плажата Меласти, Храмот Uluwatu и традиционален Кечак танц.

Ден за запознавање со јужниот дел на островот. Одиме на познатата плажа Меласти. Здивот ни го одзема панорамата пред нас - тиркизниот Индиски океан, опколен со високи варовнички карпи и густа зелена џунгла. Уживаме на оваа егзотична плажа, се дружиме со локалните макаки мајмуни и јадеме во еден од локалните beach барови. Потоа нашата авантура ја продолжуваме на едно од најубавите места за зајдисонце на островот, а тоа е храмот Uluwatu. Еден од 11-те храмови кои се наоѓаат на самиот раб на Бали, а изградени се за заштита на островот од злите сили. Храмот е природно живеалиште на долгоопашести макаки, а се наоѓа на самата карпа во која удираат моќни бранови на Индискиот океан. Потоа уживаме во традиционалниот танц Кечак, кој ја прикажува целата приказна за познатиот еп Рамајана. Враќање во сместување.

**Сместување**
Fairfield by Marriott Bali Legian **(1 ноќ)**

**Место**
Легијан

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Храмот Uluwatu, плажата Меласти и традиционален Кечак танц.

**Ден 11: Пристигнување во Сингапур (Singapore)**

По појадок, правиме check-out од нашето сместување. Локален лет за Сингапур (Singapore). Пристигнување во Сингапур (Singapore). Трансфер до сместувањето. Добредојдовте во чудната и модерна утопија на 21 век. Место каде сè е средено до најситните можни детали. Сингапур е друга димензија, модерен, иновативен, футуристички, чист, уреден, организиран, интерактивен и безбеден. Градот е доведен до совршенство, па во целиот тој совршен амбиент луѓето пронаоѓаат убавина, восхит и чудење за овој контраст на гужвата и хаотичноста на Азија. Ви препорачуваме да ги постите Gardens by the Bay, магичните градини од иднината, потоа продолжете кон познатиот хотел Marina Bay Sands кадешто има танцувачки фонтани пред хотелот. Од таму продолжете кон Merlion Statue -- најпознатиот симбол и маскотата на Сингапур. Исто така, ви препорачуваме да ја посетите и познатата улица Clarke Quay. Ноќевање.

**Превоз**

Индивидуален авио билет со сите такси на релација Бали - Сингапур, во економска класа со вклучен 20kg чекиран и 7kg рачен багаж.
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**

Travelodge Harbourfront Singapore **(1 ноќ)**

**Место**

Сингапур

**Ден 12: Факултативен излет - Сингапур City Tour и враќање.**

Се будиме и по пojдокот започнуваме со факултативен излет, истражување и авантура во оваа урбана џунгла! Го посетуваме квартот Padang - комбинација на стари колонијални згради испреплетени со модернизмот на Сингапур. Потоа продолжуваме кон Kampong Gelam - населбата каде стари традиции и модерниот начин на живот се испреплетени во една совршена мешавина.  Панорамски ги разгледуваме Cricket Club, зградите на Парламентот, Врховниот суд и Градското собрание, а потоа продолжуваме до Merlion Fountain – препознатливиот симбол на Сингапур. Следна е Chinatown, каде го посетуваме величествениот **Buddha Tooth Relic Temple**, храм инспириран од архитектурата на династијата Танг, како и**Chinese Cultural Centre**. Потоа се упатуваме кон колоритната **Little India**, кварт полн со традиционални продавници, зачини и живописни улици, каде ќе ја видиме и **Gafoor Mosque**, една од најубавите џамии во Сингапур, однадвор. Имаме трансфер до најдобриот аеродром на #целсвет (според сите интернет блогови). Аеродром на кој има буквално се -- трамболина, шопинг, неверојатна зелена оаза, тобогани преку кои пристигнуваме до нашиот gate и уште мноооогу атракции! A must-see на овој аердром е The Jewel -- прекрасниот вештачки водопад. кој дефинитивно го имаме видено на социјалните медиуми. Вечерен лет за Скопје, со преседнување во Истанбул.

**Превоз**

Трансфер од сместување до аеродром.
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Сингапур - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Сингапур, Истанбул

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Сингапур City Tour

**Ден 13: Пристигнување и крај на патувањето**

Пристигнување во Истанбул. Преседнување на лет за Скопје. Пристигнување во Скопје. Крај на патувањето.

**Превоз**

Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**2.199,00** EUR

**ПРОМО ПОПУСТ!**
Попустот важи за првите 4 пријави
**1.949,00** EUR

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Туристичка такса за Куала Лумпур која изнесува 10RM дневно по соба (околу 2.30$) и истата се плаќа во хотелот на рецепција.
- Виза за влез во Индонезија
- Туристичка такса за Бали, која изнесува околу 9€ (еднократно) и истата се плаќа онлајн на https://lovebali.baliprov.go.id/

Сите уплати се вршат исклучиво во денарска противредност по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€.** Преостанатиот дел се плаќа најдоцна **40 дена пред поаѓање.**

**Важна напомена: При самото пријавување за овој аранжман, агенцијата веднаш ги купува и издава сите локални авионски карти потребни за реализација на патувањето (пр. Сингапур - Бали и Бали - Куала Лумпур). Од таа причина, во случај на откажување на аранжманот од страна на патникот/патниците, средствата уплатени при пријава (200€ по лице, во денарска противвредност) се нерефундабилни!**

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не сноси одговорност. Пријавата е валидна единствено со уплаќање на аванс.

Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура), и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

**Факултативни излети**

**Куала Лумпур City Tour**

**Цена**: **30,00** EUR

Ги посетуваме најзначајните локалитети во Куала Лумпур.

Нашата авантура ја започнуваме со Бату пештерите, пештери кои се стари 400 милиони години, а во нив се наоѓаат 6 будистички храмови. За да стигнеме до нив треба да искачиме 272 скали обоени во боите на виножитото. Продолжуваме кон центарот на градот и се упатуваме кон Кинескиот кварт -- еден од нашите омилени квартови во Куала Лумпур. Поминуваме низ раздвижени пазари, улични кујни и се восхитуваме на традиционалната архитектура на овој предел. Преку ден во овој кварт посетуваме традиционални храмови, додека преку ноќ улиците живнуваат со ноќни пазари и забави. Потоа продолжуваме до плоштадот на Независноста -- Мердека, каде е сместено највиското знаме на светот и каде што за првпат е провеано и знамето на независна Малезија. Ја посетуваме и познатата Султан Палата -- која била седиштето на британската колонијална администрација во Малезија. За крај, продолжуваме кон скапоцениот камен на Куала Лумпур -- кулите близначки Петронас. Високи се 451.9 метри и имаат 81 спрат. Кулите ја симболизираат храброста, генијалноста, самодоверба и оптимизмот на Малезиците.

Во цената на излетот е вклучено: претставник од агенција, организиран превоз според предвидениот план и програма и стручен локален водич (на англиски јазик).

**Храмот Goa Gajah, Канто Лампо Водопадите и Cretya Убуд!**

**Цена**: **50,00** EUR

Нашата авантура ја започнуваме со Elephant Cave (Goa Gajah) храмот чиј влез е во облик на глава од слон, од каде што потекнува и неговото име. Се претпоставува дека влезот на храмот го симболизира влезот во подземниот свет. Почетоците на храмот датираат од XI век, а посветен е на божицата која се смета за заштитничка на децата, раѓањето и за исцелителка на жените. Се верува дека овој храм е ископан од хинду монсаи само со нивните раце, а неговите мистерии до ден денес ги фасцинираат историчарите. Чекориме во светот на античките чуда и ги истражуваме сложено врежаните пештери како и светите базени на овој храм. Сега сме веќе спремни да нурнеме во водопадот Канто Лампо, оаза на спокојство сместена среде бујните џунгли на Бали. Време е да се предадеме на симфонијата на каскадните води додека сме на ова патување на истражување и подмладување. Овие тивки базени опкружени со високи карпи кои се обвиткани со зеленило ќе ги паметите уште долго. Ииии.... дали сте спремни за едно од најубавите искуства на Бали? Продолжуваме во најпознатиот денски клуб на #целсвет -- Cretya Ubud!! Буквално во Cretya има сè што ќе помислите за едно совршено искуство на Бали. Уживаме во неверојатниот поглед над зелените оризови полиња, а потоа и се шетаме низ нив. Го порачуваме нашиот омилен коктел (ние препорачуваме Arrack Attack) и пливаме во еден од трите базени на спрат!! А се разбира секое искуство на Бали не би било комплетно доколку не посетиме Bali Swing, а во Cretya има 4 - Angel Swing, Swing Bed, Extreme Swing и Super-extreme Swing. Каде добивате впечаток дека летате над прашумите и оризовите полиња на Бали. Можеби сте фан на малку по-адреналински активности, за зависници од адреналин во Cretya има и 3 различни zip-lines. Кога претходно рековме дека во Cretya има сè, навистина мислевме сè! **Еден совршен ден на Бали!!!!**

**Храмот Бесаки, Тиртаганга и Virgin beach**

**Цена**: **40,00** EUR

**Храмот Бесаки, Тиртаганга и Virgin Beach** – Целодневен излет на кој се посетуваат храмови, но и се ужива на една од најубавите, прикриени и мирни плажи на Бали. Бесаки храмот се наоѓа подножјето на вулканот *Agung* кој последен пат еруптирал во Ноември 2017 година. Се вика и "храмот на сите храмови" или "мајката на храмовите". Се наоѓа под заштита на UNESCO и претставува најсветото место за целокупната хиндуистичка популација на Бали. Тиртаганга, или "водена палата" – воодушевува со своите градини и базен, низ кој има камена стаза, по која може да се шета. Во водата живеат портокалови шарани кои можете да ги храните. Оваа вода се смета за света, па кој сака, може и да се избања во неа.

Во цената на излетот е вклучено:

- Организиран превоз по предвидениот план и програма
- Сите влезници во наведените локалитети
- Стручен локален водич на англиски јазик.

**Балинезиско село, Monkey Forest, Bird Park и River rafting**

**Цена**: **65,00** EUR

Спремни за авантура?! Нашиот целодневен излет го започнуваме во едно од најуникатните места на Бали -- голем природен резерват во кој живеат долгоопашести мајмунчиња Макаки. Оваа неверојатно голема шума која е целата обрасната во мов, крие остатоци на стари храмови, а во неа живеат преку 600 мајмуни. Се дружиме со разиграните весели макаки мајмунчиња во нивното природно опкружување во големата шума. Продолжуваме кон познатиот Парк на птиците, вторите најпопуларни домородци на Бали. Се дружиме со голем број на шарени и необични видови на птици од целиот свет кои живеат овде. Се разбира ни една Jungle аванура не би била

целосна без посета на традиционално село. Каде навистина се запознаваме со животот на локалците на Бали.. Нашиот ден го завршуваме со еден од најавантуристичките излети на Бали -- се симнуваме по 300 скалила сé до реката, а потоа се спуштаме со чамци по брзаците и уживаме во неверојатната природа и во зеленилото.

**Храмот Tanah Lot, градина со зачини и Finns Beach Club**

**Цена**: **40,00** EUR

Посета на необичен храм и опуштање во еден од најпопуларните beach клубови на #целсвет!! Нашата авантура ја започнуваме со храмот Tanah Lot – највпечатливата атракција на Бали, храм на вода од 16-тиот век. Поточно, храмот се наоѓа на карпа во сред море (100 метри од копно). Се верува дека овој храм е изграден од познатиот монах Dang Hyang Nirartha и е посветен на богот на морето. Специфично за овој храм е што за време на плима ни делува како да лебди над сините бои на Индискиот океан! На овој излет ќе ја имате уникатна можност да го пиете најнеобичното и најскапото кафе на светот - Kopi Luwak! Шетајќи низ градината се запознаваме со бројни билки и зачини, но и со малите животинки кои сезаслужни за произведување на споменатото кафе. Во типичен Jungle стил нашиот ден го продолжуваме на една од најубавите плажи на Бали и тоа во еден од најпознатите beach барови на #целсвет!!! Добредојдовте во Finns Beach Bar. Бар на самата плажа со неколку базени и изграден целосно од бамбус. Време е за вашата омилена пијачка и целосно опуштање со Jungle екипата.

**Luna Beach Club**

**Цена**: **30,00** EUR

Го посетуваме неверојатниот **Luna Beach Club**, лоциран на самата плажа **Nyanyi Beach.** Ова е место каде што тропската магија, луксузот и добрата енергија се среќаваат. Денот го поминуваме уживајќи покрај инфинити базен, со некој тропски коктел во рака, добра музика и фантастичен поглед кон океанот. Се сончаме, се капеме, се смееме и правиме фотографии што ќе ги паметиме долго. **Luna** е совршено место за Instagram моменти, добро друштво и вистински бали-вибрации. По незаборавниот ден, се враќаме во нашето сместување во попладневните часови.

**Храмот Uluwatu, плажата Меласти и традиционален Кечак танц.**

**Цена**: **40,00** EUR

Ден за запознавање со јужниот дел на островот. Нашата авантура ја започнуваме на еден од најубавите храмови на островот, а тоа е храмот Uluwatu. Еден од 11-те храмови кои се наоѓаат на самиот раб на Бали, а изградени се за заштита на островот од злите сили. Храмот е природно живеалиште на долгоопашести макаки, а се наоѓа на самата карпа во која удираат моќни бранови на Индискиот океан. Оттука продолжуваме на една од најпознатите плажи на островот -- Меласти. Плажа позната по мирните води кои настануваат поради природниот базен кој е формиран од околните карпи. Седнуваме во некој од најдобрите beach барови на Бали и уживаме до зајдисонце. Одмараме на оваа егзотична плажа, се дружиме со локалните макаки мајмуни и уживаме во нашата омилена пијачка. На зајдисонце нашата авантура продолжува во еден од најфасцинантните амфитеатри на #целсвет. На зајдисонце гледаме традиционален балинезиски танц Кечак, кој ја прикажува целата приказна за познатиот еп Рамајана. Доживејте го хипнотизирачкиот Кечак танц, каде древните приказни оживуваат преку ритмички пеења и динамични движења. Се претпоуваме во сировата енергија и богатата традиција на оваа волшебна балиска изведба, носејќи Ве во царството на митот и магијата.

**Сингапур City Tour**

**Цена**: **30,00** EUR

Совршена прилика да ги посетиме најзначајните локалитети во Сингапур.

Авантурата започнува во старата колонијална област во Сингапур -- Padang. Padang претставува комбинација на класична колонијална архитектура испреплетена со модерни облакодери. Тука ги посетуваме просториите на најстариот крикет клуб во Сингапур, парламентарните згради, врховниот суд и градското собрание.

Нашата авантура ја продолжуваме кон еден од најстарите урбани квартови во Сингапур -- Kampong Gelam. Населба длабоко вкоренета во историјата на Сингапур која ни нуди уникатно искуство во минатото, а и сегашноста на Сингапур. Се шетаме по шарени улици, декорирани со мозаици и мурали, пробуваме локални деликатеси и ја посетуваме славната Султан Џамија која е изградена во 1975 и е една од највпечатливите џамии во Сингапур.

Продолжуваме кон Кинескиот кварт, каде што ќе го посетиме Buddha Tooth Relic Temple, уникатен храм дизајниран во архитектонскиот стил на кинеската династија Танг, а потоа го посетуваме и кинескиот културен центар.
Денот го продолжуваме во квартот Little India, каде што продавачите на традиционална индиска облека, зачини и гатачи ни создаваат уникатна атмосфера која не транспортира во Индија. Шетаме низ впечатливите улици на оваа област се до една од најубавите џамии на цел свет - џамијата Abdul Gafoor.

*Во цената е вклучено*: претставник од агенција, стручен локален водич (на англиски јазик) и превоз по предвидениот план и програма.

**Сместување**

**STEG Kuala Lumpur** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Прекрасен Boutique Hotel со 4* по локална категоризација. Хотелот располага со сопствен базен, ресторан и фитнес центар. Собите се опремени со приватен тоалет, клима уред, сеф, фрижидерче, фен и бесплатен Wi-Fi интернет.

**Услугата е на база ноќевање со појадок.**

**Сајт**
https://www.stegkualalumpur.com/

**Адреса**
No. 51
Jalan Tiong Nam
Off Jalan Raja Laut
Kuala Lumpur
WP
50350
Malaysia

**Sthala, Ubud, Bali** *****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

**Sthala, Tribute Portfolio Hotel Ubud** е хотел со 5* (по локална категоризација) на Бали - центарот на уметност и хиндуизам на Бали. Хотелот е дел од портфолиото на познатиот ланци на хотели **Мериот (Marriot)**. Sthala се наоѓа на одлична локација во**Убуд**. Идеално место за оние кои сакаат да уживаат во мирот на природата и автентичноста на Бали, без да се откажат од луксузот и удобноста. Хотелот е опкружен од оризови полиња и густа тропска шума, од каде ги слушаме звуци на егзотични птици додека го пиеме нашето утринско кафе. Навистина се наоѓаме во тропски рај! Хотелот располага со два руфтоп барови, два базени, вклучително и infinity pool, ресторани (кои служат локална и интернационална храна), спа и фитнесс центар. Се сместуваме во двокреветни соби на база ноќевање со појадок.

**Сајт**
https://www.sthalaubudbali.com/

**Адреса**
Jl. A.A Gede Rai
Mawang Kelod
Lodtunduh
80582 Ubud
Indonesia

**Fairfield by Marriott Bali Legian** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

**Fairfield by Marriott Bali Legian 4*** (по локална категоризација) е сместувачки објект кој се наоѓа во областа Legian на Бали. Хотелот има сопствена градина, тераса, внатрешен и надворешен базен, ресторан, бар и фитнес центар. Располага со двокреветни соби со сопствено купатило. Сите соби се климатизирани, имаат телевизор со сателитски канали и бесплатен интернет. Сместувањето е на база ноќевање со континентален појадок.

**Сајт**
https://www.marriott.com/en-us/hotels/dpsfi-fairfield-by-marriott-bali-legian/

**Адреса**
Jalan Sri Rama 8 C
Legian
80361 Legian
Indonesia

**Travelodge Harbourfront Singapore** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Travelodge Harbourfront Singapore е модерен хотел со 4* (по локална категоризација), на одлична локација. Хотелот располага со ресторан и надворешен базен. Собите располагаат со сопствен тоалет, фен, фрижидерче, сеф и телевизор.

**Услугата е на база ноќевање со појадок.**

**Сајт**
https://www.travelodgehotels.asia/travelodge-harbourfront

**Адреса**
50 Telok Blangah Road
098828 Singapore
Singapore

**Превоз**

**Авион**

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

**Локален трансфер**

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Куала Лумпур**

Куала Лумпур е престолнина на Малезија и еден од водечките економски центри во Азија. Има околу 1.5 милиони жители. Во оваа метропола се среќаваат бројни култури: во градот постојат џамии, цркви, кинески пагоди и хинду храмови. Градот е познат и по модерната архитектура особено по банкарскиот кварт.

**Бали**

**БалиBali** е индонезиски остров кој се наоѓа помеѓу островите Јава и Ломбока. Поголемиот број на жители се индонезиски хиндуисти, така што хинду религијата и културата е најприсутна на островот. Островот е познат по живописните предели со оризови полиња, како и убавите плажи, па токму затоа е многу популарен за туристите ширум светот.

**Убуд**

Убуд е на многу начини културно средиште на Бали. Дом е на неколку кралски семејства од Бали, па така има кралски палати и древни храмови. Во ова мало место работеле некои од светски познатите занаетчии и колекционери. Долж главната улица се десеттина уметнички галерии. Сместен е во внатрешноста на островот и изобилува со различни видови на растенија и животни.

**Легијан**

Легијан е уште едно од најпосетуваните места на Бали. Се наоѓа во југозападниот дел на Бали. Легијан е препознатлив по своите плажи со бел песок. Забава и екстравагантен ноќен живот се неговите главни адути за големата посетеност.

**Сингапур**

**Сингапур** е мал град-држава на југот од мајалскиот полуостров. Сингапур значи “лавовски град“. Моментално тој е второ по големина пристаниште во светот, економски центар на моќ во Азија во кој составот на населението е мултиетничко.

**Корисни информации**

**Малезија**

- **Главен град:** Куала Лумпур
- **Површина:** 330.000 km²
- **Број на жители:** 27 милиони жители
- **Население:** најбројни се малезијците, околу 50% и кинези 22%
- **Јазик:** Малајски и Англиски
- **Вероисповед:** Ислам 60%, Будизам 20%, Христијанство 9%, Хиндуизам 6% и останати 5%
- **Независност:** 1963 година

- **Парични средства:** Малезиски Рингит MYR – 1 EUR = 4.7 MYR
  За плаќање во Малезија, секогаш мора да ја имате локалната валута со себе. Не е важно дали со себе ќе носите долари или евра. На пазарите, продавниците за сувенири и уличните продавачи, секогаш ценкајте се. Платежни картички и банкомати: Банкомати постојат и се лесно достапни (во Куала Лумпур). Не можете секогаш да користите картички. Консултирајте се со вашата банка за детали и не заборавајте да пријавите во странство за да не ви се блокираат картичките.
- **Временска зона: GMT +8**
- **Виза:** На граѓаните на Р. С. Македонија не им е потребна виза за да влезат на територијата на Малезија.
- **Излезна такса:** Сите патници кои патуваат од Малезија до следниве земји: Брунеи, Камбоџа, Индонезија, Лаос, Мјанмар, Филипини, Сингапур, Тајланд, Виетнам, плаќаат излезна такса во следниот износ: - ако патуваат со економска класа: 8 MBP (приближно 2 евра) - ако патуваат со бизнис класа: 50 MYR (приближно 11 евра) Сите патници кои патуваат во сите други земји ја плаќаат следнава сума за такса: - ако патуваат со економска класа: 20 MYR (приближно 5 евра) - ако патуваат со бизнис класа: 150 MYR (приближно 35 евра)
- **Клима:** Климата во Малезија се карактеризира со релативно високи температури (просечен максимална дневна е 32-34C, ноќна околу 23-25C), влажноста на воздухот е висока и сонцето е исклучително силно бидејќи се работи за подрачје околу екваторот. Сезоната на дождови трае од март до април и од октомври до ноември, но дожд може да се појави во кое било време од годината. Периодот на суша е мај до септември.
- **Храна и пијалок:** Традиционалната исхрана вклучува пилешко, говедско месо (во вид на скара или гулаш), ориз, зеленчук и овошје, морски плодови и риба, односно комбинација на азиска и арапска кујна. Храната може да биде навистина лута, затоа се препорачува да проверите пред да нарачате. Се препорачува улична храна (пред сè затоа што ова е област со традиција на улична храна, исто така можете да пробате и многу интернационални кујни, особено кинески), а тоа се пржени банани, насилемак, пивото Anchor. Алкохол не се наоѓа лесно и е прилично скап. Исто така, во повеќето ресторани каде што јаде муслиманското население, не се осудувајде дури ниту да прашате за алкохол. Измијте го овошјето со флаширана вода или излупете го.
- **Здравје:** За влез на територијата на Малезија не е задолжителна вакцинација, но не заборавајте за тоа да се консултирате со вашиот лекар. Се препорачува флаширана вода. Со вас понесете лекови за редовна терапија доколку ја примате, пробиотик, лекови за снижување на телесна температура, за болка или лекови што обично ги носите со себе на патување. Исто така, понесете и крема за сончање и Аутан.
- **Осигурување:** Препорака е да имате патничко здравствено осигурување.
- **Сигурност, безбедност и правила на однесување:** Малезија е безбедна дестинација, но мора да бидете внимателни кога станува збор за вашите лични работи, особено на улиците, каде има поголем метеж или во метро. Избегнувајте какви било опојни средства, сите опијати се забранети и незаконски, а за поседување нелегални супстанци се одредува и смртна казна! Внимавајте кога фотографирате, затоа што ако сакате некого да фотографирате, мора прво да прашате. Бидејќи ова е земја во која мнозинството население е муслиманско, внимавајте и почитувајте ги правилата на однесување и облекување. Кога зборувате и посочувате, не покажувајте со вториот прст, користете го палецот. Со мажите можете да се ракувате со двете раце, но не и со жените, доколку таа прво не пружи рака. Прегрнување и бакнување во јавност не се препорачува. Пред храмовите и џамиите задолжително собујте ги обувките. Забрането е да се внесе овошјето Дуриан во превозните средства и хотелите и може да платите казна!
- **Облека:** Од облека понесете летна, полесна гардероба, но не заборавајте со себе да понесете и нешто со долги ракави и долги панталони пред се поради авионите, како и за обиколките на градвите и влез во џамии или други светилишта. Понесете чадор или кабаница, но и шешир, марама или капа.
- **Комуникација:** Нашите мрежи функционираат на територијата на Малезија. Речиси сите сместувања, ресторани или кафулиња имаат wi-fi.
- **Струја:** Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како и нашиот и не ви се потребни адаптери. Доколку имате, можете да понесете адаптер како во Велика Британија за секој случај, со три рамни приклучоци.
- **Изнајмување на возила:** Доколку сакате да изнајмите возило или мотор потребна Ви е меѓународна возачка дозвола. За тоа нема потреба бидејќи градскиот превоз одлично функционира а таксито е евтино. Доколку користите такси, секогаш побарајте да го вклучат таксиметарот.
- **Сувенири:** Забрането е изнесување на школки, корали и минерали и други предмети од природата, особено мангото и дурианот. Од сувенири препорачуваме традиционална облека и материјали, батик, кафе и слатки со дуриан…

**Сингапур**

- **Главен град:** Сингапур
- **Површина:** 700km²
- **Број на жители:** 5.4 милиони жители
- **Население:** Кинези 74%, Мајалци 13%, Индијци 9%, останати 4%
- **Јазик:** англиски, мајалски, тамилски (индиски), мандарински (кинески)
- **Вероисповед:** будизам 33%, христијанство 19%, неопределени 18%, ислам 14%, таоизам 11%, хиндуизам 5%.
- **Независност:** 1965. година
- **Валута:** Сингапурски долар SGD – 1 EUR = 1.6 SGD. За трошење во Сингапур морате секогаш со себе да имате локална валута. Кредитни картички и банкомати: Банкомати постојат и се лесно достапни. Платежни картички можете да користите речиси секаде и секогаш, освен на пазарите или доколку купувате улична храна. За детали посоветувајте се со Вашата банка и задолжително пријавете заминување во странство за да не Ви ги блокираат картичките.
- **Временска зона:** GMT +8
- **Виза:** За туристички престој на државјани на Р. С. Македонија, не е потребна виза со престој до 14 дена
- **Клима:** Климата во Сингапур се одликува со релативно висока температура (просечна највисока е 30-33C, а најниска околу 23-25C), влажноста на воздухот е висока, а сонцето е исклучително силно бидејќи се работи за подрачје околу екваторот. Периодот на дождови трае од ноември до март и од јуни до септември, но дожд може да се јави и во кој било период од годината. Под дожд подразбираме и попладневна тропска бура. Генерално, дождот не претставува проблем бидејќи се работи за подрачје околу екваторот со релативно високи температури и доста сончеви периоди.
- **Храна и пијалок:** Традиционалната исхрана опфаќа ориз, нудли, пилешко, говедско, овошје и зеленчук, морски плодови и риба. Уличната храна може да се препорача (пред се поради тоа што ова е подрачје со традиција на улична храна). Храната во ресторанита може да биде навистина скапа но во склоп на пазарите секогаш се наоѓаат локални ресторани и изобилуваат со локална храна, каде можете убаво и евтино да јадете. Во понудата се и кинеска, тајландска, виетнамска, корејска кујна и др. Алкохолот е прилично скап. Исто така во поголемиот број на ресторани каде се храни муслиманското население немојте дури ни да прашате за алкохол. Пробајте го пивото Tiger но и коктелот Singapore Sling. Овошјето измијте го со флаширана вода или излупете го. Од јадења морате да пробате чили ракчиња, катонг лаксу, слатки на база на дуријан...
- **Здравје:** За влез на територијата на Сингапур, законски не е потребно да примате вакцини, но секако косултирајте се со вашиот лекар. Се препорачува консумирање на флаширана вода. Од лекови со себе понесете лекови за редовна терапија доколку примате, пробиотик, лекови за сниживање на телесна

температура, лекови против болка, односно лекови кои генерално ги носите со себе на патување. Задолжително понесете и крема за сончање и Аутан.
- **Осигурување:** Препорака е да имате здравствено осигурување.
- **Сигурност, безбедност и правила на однесување:** Сингапур е исклучително безбедна дестинација но морате да бидете претпазливи кога се во прашање вашите лични работи, особено на улиците, каде има поголем метеж или во метро. Избегнувајте какви било опојни средства, сите опијати се забранети и нелегални, а за поседување на нелегални супстанци се одредува затворска казна од 10 години, 20.000$ а дури и со смртна казна! Водете сметка кога фотографирате, затоа што доколку саката некого да фотографирате, морате за тоа да добиете дозвола. Пред храмовите и џамиите задолжително собујте ги обувките. Забрането е во превозните средства и во хотелите внесување на овошјето Дуријан и можете да платите казна! На територија на Сингапур официјално е забрането внесување на цигари и гуми за џвакање. Доколку во Вашиот багаж имате цигари може да се случи да треба да платите данок. Пушењето е дозволено само во местата кои се предвидени за тоа. Забрането е опивање на улица. Бакшишот е речиси секогаш вклучен во сметката.
- **Облека:** Од облека е потребна летна, лесна гардероба, но задолжително понесете со себе и нешто по долги ракави и долги панталони пред се поради авионите но и обиколката на градот и влез во џамии или други светилишта. Понесете и чадор или кабаница и шешир, марама или качкет. За посета на будистички и хинду храмови мора да се испочитува кодексот на облекување: покриени рамења, деколте и колена. Што се однесува до секојдневната варијанта, во Сингапур кодексот е прилично слободен.
- **Комуникација:** Нашите мрежи работат на територија на Сингапур. Речиси сите сместувања, расторани или кафулиња имаат wi-fi.
- **Струја:** Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како и кај нас, и не Ви се потребни адаптери за струја. Доколку имате, можете за секој случај понесете адаптер за влез како за Велика Британија, со три излези.
- **Изнајмување на возила:** Доколку сакате да изнајмите возило или мотор потребна Ви е меѓународна возачка дозвола. За тоа нема потреба бидејќи градскиот превоз функционира совршено.
- **Сувенири:** Од сувенири препорачуваме традиционална облека и материјали, батик, зачини, чаеви... Забрането е изнесување на школки, корали и други предмети од природата.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува "саатницата" одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува ценета на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или

доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.